Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Општина АРАЧИНОВО - KOMUNA E HARAÇINËS
УПРАВНИ ОРГАНИ - ORGANET DREJTUESE
Бр.-Nr. 13-913
20.12.2024 год.viti
АРАЧИНОВО-HARAÇINË

Друштво за производство, трговија и градежништво
ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО експорт-импорт
Бр. 12-40/2024
20.12.2024 год.
Тетово

ДОГОВОР

За набавка на услуги - изработка на техничка документација од проектантски куќи (високоградби, нискоградби, инфрасруктурни проекти заедно со ревизија и сл.)

Склучен на 20.12.2024 година

Договорни страни:

1.ОПШТИНА АРАЧИНОВО, со седиште на адреса: ул.1 бр.2 с.Арачиново, со ЕДБ - **4033004100018** и ЕМБС- **6020356** застапувана од Градоначалникот на Општина Арачиново, **Ридван Ибраими**, (во понатамошниот текст Договорен орган - корисник на услуга), од една страна, и

2. ДПТГ "Про-инженеринг" Доо експорт-импорт Тетово, со седиште на ул. "Илирија "бр.1 Зелен Пазар на кат лок бр.20 –Тетово и ЕМБС 5496713, застапувано од Управителот Нермин Мустафи, (во понатамошниот текст Носител на набавка - давател на услуга), од друга страна.

Предмет на договорот

Член 1

Предмет на овој Договор е: изработка на техничка документација од проектантски куќи (високоградби, нискоградби, инфрасруктурни проекти заедно со ревизија и сл.), врз основа на прифатената понуда по спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка со поедноставена отворена постапка со објавување на оглас бр. 18725/2024 на веб страница на Биро за јавни набавки, понудата е прилог кон овој Договор.

Вредност на набавката

Член 2

Вкупната вредност од единечните цени за услугите опишани во член 1 од овој Договор како и кочечната понуда, без ДДВ изнесува 108,920.00 денари.
Конечната вредност за оваа набавка е 3.500,000.00 (три милиони и петсто илјади) денари без ДДВ односно 4.130.000,00 со вклучен ДДВ од 18%.

Начин на плаќање

Член 3

Плаќањето ќе се врши сукцесивно по завршување на поединечна услуга и доставување на проектната документација за истата како и доставување на фактура за извршената услуга а во рок од 60 дена.

Обврски на носителот на набавката - давател на услуга

Член 4

Носителот на набавката - давател на услуга се обврзува услугите од член 1 на овој Договор да ги извршува во рок до 30 денови по претходно барање од договорниот орган. Носителот на набавката има право да бара продолжување на рокот за извршување на услугата во случај кога поради оправдани причини тој бил спречен да ги изврши истите.

Продолжувањето на рокот се определува според времетраењето на пречката со тоа што носителот на набавката задолжително ќе го извести договорниот орган писмено.

Задолжителна е посета на објектот на лице место за утврдување на фактичката состојба.

Проектантот е должен да ги опфати сите позиции кои се потребни за објектот да се донесе во корисна состојба која одговара на денешните стандарди.

Во случај на проектантски пропуст што би се јавил во текот на изградбата, проектантот е должен навреме да го корегира и/или дополни без надомест, во рок од 5 работни дена по добивање на известувањето со кое се укажува на стореniот пропуст.

Обврски на договорниот орган - корисник на услуга

Член 5

Договорниот орган - корисник на услуга се обврзува да ја исплаќа вредноста на извршените услуги според цените и условите наведени во членовите 2 и 3 од овој Договор.

Гаранција за квалитет

Член 7

Носителот на набавката - давател на услуга се обврзува дека услугите кои се предмет на овој Договор ќе ги извршува квалитетно и во согласност со техничките прописи стандарди за извршување на таков вид на услуги.

Рок на испорака

Член 8

Рокот на извршување на услугата за проектите ќе биде 30 дена од прием на налог од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен секој проект да го изработи, во 6 (шест) примероци во хартиена форма и 6 во електронска форма(CD) со сите потребни фази, потпишани со дигитален сертификат, исполнувајќи ги стандардите и нормативите за проектирање односно ревизија на проектна документација.

Заеднички одредби

Член 9

За сè што не е предвидено со овој Договор, ќе важат одредбите од Законот за облигациони односи.

Член 10

Овој договор може да се измени или дополни само со взаемна согласност на договорните страни.

Член 11

Договорните страни се согласни евентуално настанатите спорови да ги решаваат првенствено спогодбено, а доколку спорот не го решат, надлежен за решавање е Основен суд Скопје II во Скопје со седиште во градот Скопје

Член 12

Овој договор е со важност од две години од денот на потпишување од двете договорни страни.

Член 13

Овој договор е направен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (две) за секоја од договорните страни.

Договорен орган – Корисник на услуга

Општина Арачиново

Градоначалник
Ridvan Ibraimi

Носител на набавка – давател на услуга

ДПТГ "Про-инженеринг" Доо
Управител
Нермин Мустафи